Federal Ministry
Republic of Austria
Social Affairs, Health, Care
and Consumer Protection

ecpat AUSTRIA

ЗДРУЖЕНИЕ НОВИНАРИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
JHR Journalists for human rights

# ПИЛОТ ПРОЕКТ ЗА СИСТЕМ ЗА РАНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ЗА ИСЧЕЗНАТИ ДЕЦА

*ДОКУМЕНТ НА ПОЛИТИКИ:*
*КОНЦИПИРАЊЕ МОДЕЛ НА РАМКА ЗА ИСЧЕЗНАТИ ЛИЦА И ЗАКЛУЧОЦИ ОД СТУДИИ НА СЛУЧАЈ СО СЕМЕЈСТВА ОД СОЦИЈАЛЕН РИЗИК ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ КОН ОТСУСТВОТО ОД ОБРАЗОВАНИЕ КАКО ПОТЕНЦИЈАЛЕН РИЗИК ОД ИСЧЕЗНУВАЊЕ*

**Автори:**

**Фикрија Таир-Селмани - Конципирање модел на рамка за исчезнати лица и заклучоци од студии на случај со семејства од социјален ризик во Северна Македонија со посебен акцент кон отсуството од образование како потенцијален ризик од исчезнување**

**Данијела Цицвариќ - Анекс 1: Успешна образовна мерка по пример на проектот „Ромска училишна медијација во виенските училишта“**

**Новинари за човекови права – Анекс 2: Проценка на ризиците кај деца за отсуство од училиште во ранливи заедници во Северна Македонија - Студии на случај**

Документот е развиен како дел од Пилот проект: „Систем за рано предупредување за исчезнати деца“ спроведуван од Новинари за човекови права и управуван од ЕКПАТ Австрија.

Овој материјал е изготвен со помош на Федералното министерство за социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачите на Република Австрија. Содржината на овој материјал е исклучива одговорност на авторот и на никој начин не ги одразува ставовите на Федералното министерство за социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачите на Република Австрија.

ДЕКЕМВРИ 2023

# Содржина


ПРЕДГОВОР ... 4

Концепирање модел на рамка за исчезнати лица и заклучоци од студии на случај со семејства од социјален ризик во Северна Македонија со посебен акцент кон отсуството од образование како потенцијален ризик од исчезнување ... 6

Автор: Фикрија Таир-Селмани ... 6

Вовед ... 6

1. Национален контекст и дефинирање на проблем со исчезнување на деца ... 8

2. Правна рамка ... 10

    2.1 Меѓународна рамка ... 10

    2.2 Национална правна рамка ... 11

3. Систем за рано предупредување за исчезнати деца и модел на рамка за исчезнати лица ... 14

    3.1 „Амбер алерт“ ... 14

    3.2 Модел на рамка за исчезнати лица (концепирање) ... 15

4. Отсуство од образовниот систем како еден од потенцијалните ризици за исчезнување, заклучоци од студии на случај со семејства во социјален ризик/ранлива категорија во Северна Македонија ... 18

    4.1 Анализа на студии на случај ... 19

Заклучок ... 22

Препораки ... 23

    (I) Препораки за институционализирање на систем за рано предупредување во случаи со исчезнати деца ... 23

    (II) Препораки за превенција и минимизирање на ризиците од исчезнување на деца ... 25

Користена литература ... 27

Анекс 1: Успешна образовна мерка по пример на проектот „Ромска училишна медијација во виенските училишта“ ... 29

Автор: Данијела Цицвариќ, социјален работник во здружението Романо Центро. ... 29

1. Почетна ситуација ... 29

    1.1 Задачи на ромските училишни медијатори ... 30

    1.2 Цели ... 30

        Сеопфатна цел: Да се зголемат можностите за образование на децата Роми ... 30

        Специфични цели: ... 30

    1.3 Искуства и повратни информации ... 31

    1.4 Препораки ... 31

    1.5 Сензибилизација на мнозинското општество ... 31

    1.6 Препораки: ... 32

2. Социо-економски сектор ... 32

2.1 Австрискиот социјален систем ... 32

2.2 Препораки ... 33

3. Инструменти за мониторинг ... 33

3.1 Ромски цивилен монитор и Сенсиро ... 33

3.2 Евалуација на мерките и важноста на развојот на стандарди за квалитет за експертизата на училишните медијатори во Северна Македонија ... 34

Библиографија: ... 34

АНЕКС 2: Проценка на ризиците кај деца за отсуство од училиште во ранливи заедници во Северна Македонија - Студии на случај ... 35

Вовед ... 35

Заклучок ... 48

Прашалник за студии на случај за семејства со деца кои се во ризик да/отсуствуваат од училиште ... 49

# ПРЕДГОВОР

Следејќи ги искуствата на другите земји кои имаат системи за предупредување за исчезнати деца, ГО „Новинари за човекови права“ во соработка и под проектно раководство на „ЕКРАТ Австрија“, го имплементираа Пилот-проектот за систем за рано предупредување за исчезнати деца со главна цел да се подобрат постоечките пристапи и да се изнајдат нови методи за превенција, истрага и ублажување на трговијата со луѓе и деца, како и заштита или зајакнување на правата на засегнатите лица преку размена на искуства и стекнување нови знаења. Воведувањето систем за рано предупредување за исчезнати деца е конечниот исход од проектот во кој се вклучени различни засегнати страни (јавен и приватен сектор, граѓански организации, медиуми), имплементиран од 1 јули 2021 до 31 декември 2023 година, со финансиска поддршка од Сојузното Министерство за социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачите на Австрија.

Во рамките на проектот беа спроведени низа активности за размена на искуства и стекнување нови знаења од страна на сите вклучени страни (јавниот и приватниот сектор, граѓанските организации, медиумите), како што се: зајакнување на капацитетите на институциите да ги идентификуваат и насочат клучните иновативни техники за превенција од трговија со луѓе (транспонирање на европското законодавство, политики за управување - безбедност на лични податоци итн.), еднодневна обука за новинари кои покриваат социјални права, еднодневна обука за зајакнување на капацитетите на целните граѓански организации, студиски посети во Австрија за размена на добри практики за стручен кадар од релевантни државни институции и за претставници на невладини организации и новинари, беше изготвена политика за заштита на децата, како и пакет со алатки за онлајн безбедност, дводневна работилница со експерти од земјава и од Европа за имплементација на систем за рано предупредување и тркалезна маса на која беа споделени искуства од областа на сузбивање на трговијата со луѓе и потрагата по исчезнати лица, но и укажани на условите и предизвиците за успешно имплементација на системот за рано предупредување за исчезнати деца.

Беа спроведени дополнителни активности за зајакнување на системот за рано предупредување за исчезнати деца како што се две дводневни обуки за претставници на институции за заштита и споделување на лични податоци, управување со трауми и грижа за себе поврзани со исчезнати деца, трговија со деца, решавање конфликти, доверба градење и одржливи односи наставник-родител, иницирање систем за меѓуинституционална размена на информации за децата кои отсуствуваат од училиште повеќе од три дена со цел се повеќе да се елиминира ризикот од исчезнување на децата, спроведување на 10 студии на случај за да се дознае повеќе за условите за живот на децата во семејства со несигурни и социо-економски загрозени животни ситуации, беше организирана тридневна студиска посета на новинари од Австрија во Северна Македонија, за зајакнување на капацитетот и вмрежувањето на новинарите кои известуваат за социјални прашања и исчезнати деца, за да можат да подготват сторија со цел да ја објават во нивните медиуми.

Вмрежување на различни чинители (НВО, институции, медиуми), споделување податоци и проактивност на граѓаните, но и зајакнување на капацитетите и финансиски и преку обуки, размена на искуства, превентивни кампањи, различни пристапи приспособени на условите во секоја земја. го прави системот за предупредување за исчезнати деца универзална алатка која може да биде корисна за брзо и безбедно лоцирање на децата, и оние кои исчезнале и оние

кои останале сами, бидејќи тие исто така имаат ризици по животот кои можеби не се очигледни на прв поглед се очигледни. . Соработката со сите чинители активни во периодот на реализација на проектот досега е веќе потврдена со неколку иницијативи за понатамошна поддршка и со веќе започнати и потпишани меморандуми за соработка со голем број вклучени страни.

Овој документ на политики е исто така дел од активностите кои имаат за цел дополнително да обезбедат одржливост на системот за рано предупредување за исчезнати деца и долгорочно негова институционализација.

# Конципирање модел на рамка за исчезнати лица и заклучоци од студии на случај со семејства од социјален ризик во Северна Македонија со посебен акцент кон отсуството од образование како потенцијален ризик од исчезнување

Автор: Фикрија Таир-Селмани

## Вовед

Исчезнувањето на лица е глобален проблем кој сите не’ загрижува и укажува на потребата од институционализирање на ефикасен Систем за рано предупредување за случаи на исчезнати деца во Северна Македонија по примери кои веќе успешно функционираат во светот и во нашето соседство. Според официјалните податоци од Министерството за внатрешни работи, во последните три години (од 2020 до 27.10.2023) биле исчезнати 74 малолетни лица. Од нив, 65 се пронајдени, додека девет деца се’уште се водат како исчезнати[1]. Дополнително загрижува фактот дека дел од лицата кои се пријавени како исчезнати, не се воопшто пронајдени или потрагата завршува со трагични вести.

Исчезнатите деца претставуваат група од висок ризик од причина што тие се изложени на други видови на ризици како што се злоупотреба, сексуална експлоатација, трговија со луѓе, киднапирање и регрутирање во организирани криминални активности. Постоењето на случаите на исчезнати лица само по себе води кон потребата за отворање дискусија со професионалци во оваа област вклучувајќи ги надлежните институции и македонската јавност за институционализирање на Систем за рано предупредување за случаи на исчезнати деца во Северна Македонија. Добрите практики од земјите каде што веќе е воспоставен ваков систем е корисен за да го стимулираме професионалниот дискурс и да ги согледаме начините на ефективна меѓу институционалната соработка и да воспоставиме соодветни процедури кои ги заштитуваат децата, ги минимизираат ризиците за нивно исчезнување, како и воспоставување механизам за нивно пронаоѓање во случај на исчезнување.

Дел од државите веќе имаат воспоставени практики и механизми за брзо пронаоѓање на исчезнатите, додека постојат земји кои се’ уште имаат по тешкотии да изработат рамка или модел кој полесно ќе им помогне да го решат овој проблем или пак воопшто немаат развиено ваков механизам. Концептот на воспоставување на механизам за справување со овој глобален проблем на исчезнати лица и неговата институционализација зависи од националниот контекст и социо-културолошките вредности при дефинирање на тоа што претставува исчезнато лице или кога едно лице се прогласува дека е исчезнато. При воспоставување на еден ваков систем треба да се земат во предвид и најранливите и маргинализираните деца меѓу кои и децата Роми и децата со попреченост кои подложат на голем ризик од исчезнување и нивна злоупотреба. Овој механизам треба да ги опфати најранливите категории, и да обезбеди превентивни дејствија во соработка со образовните институции, образовните

[1] Слободна Европа. 2023. Со „Амбер Алерт“ ќе се бараат исчезнати деца во Северна Македонија Достапно на: https://shorturl.at/xELPR

медијатори, социјалните центри, социјалните работници, лицата кои работат со децата во установите или малите групни домови и институциите и граѓанските организации кои работат со маргинализирани групи,  други лица од социјален ризик и лицата без регулиран граѓански статус, односно кои не се наведени во евиденцијата на матичната книга на родените.

Овој документ за политики е изработен за потребите на „Пилот-проект за Систем за рано предупредување за исчезнати деца“ спроведуван од Граѓанската организација „Новинари за човекови права“ во соработка и под проектен менаџмент на партнерската организација ЕКПАТ – Австрија, финансиран од Федералното министерство за социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачите.

Документот за политики се однесува на потребата за институционализирање на систем за рано предупредување за исчезнати деца во Република Северна Македонија и ги следи препораките кои реферираат на практиките од земјите кои веќе имаат воспоставено модел за исчезнати деца и системи за рано предупредување за исчезнати деца како што се „Амбер алерт“ во САД[2], Европскиот центар за исчезнати лица - „Амбер алерт Европа“ примери од регионот како “Пронајди ме“ во Србија, „Нено аларм“ во Хрватска и „Амберт алерт“ во Грција и Бугарија. Во Северна Македонија се воспоставува ваков систем преку спроведување на Пилот проектот за систем за рано предупредување за исчезнати деца од страна на ГО „Новинари за човекови права“ во соработка и под проектно раководство на „ЕКПАТ Австрија“. Системот ги следи искуствата од овие земји и е воден од примерот на системот „Австрија ве наоѓа[3]“ (Österreich findet euch).

Соодветно, документот дава преглед на потенцијалните ризици за исчезнување на деца, фокусирајќи се на поврзаноста со образовниот систем. Понатаму, отсуството и осипот од образовниот систем  како една од потенцијалните ризици од исчезнување, како и обврската за регулирање и мониторирање на отсуството на деца од училиштата или други установи каде што се згрижуваат деца во Северна Македонија, со цел навремено реагирање  и навремено спречување на вакви појави.

Дополнително, во овој документ се земени предвид  и сознанијата произлезени од десетте студии на случаи обработени според Образец за студии на случај,  од ангажиран експерт од граѓанската организација „Новинари за човекови права“, преку кои се извлечени проценки од социо-економски аспект за ризиците од исчезнување на деца од ранлива категорија, кои се привремено или целосно надвор од образовниот систем, за да се формулираат соодветни препораки и заклучоци за воспоставување и институционализирање на функционален систем за рано предупредување за исчезнати деца кој ќе им служи како алатка на релевантните институции и засегнати страни.

[2] Официјална веб-страница на владата на САД, Министерството за правда Повеќе на следниот линк: https://amberalert.ojp.gov/

[3] Повеќе на следниот линк: https://www.oesterreichfindeteuch.at/

# 1. Национален контекст и дефинирање на проблем со исчезнување на деца

Образовните институции во соработка со родителите/старателите на децата и останатите надлежни институции,  играат значајна улога во следењето на развојот на менталното и физичкото здравје на децата, нивниот напредок и социјализација во средината во која го поминуваат најголемиот дел од денот. Затоа нивното вклучување во следење и по потреба алармирање за одредена отстапка од секојдневните рутини на децата е исклучително важно во процесот на рано детектирање на ризиците од исчезнување на децата.

Децата кои од различни причини, ретко посетуваат училиште најчесто имаат полоши академски резултати и имаат поголема веројатност да бидат исклучени од училиштето, да се откажат односно да се осипат. Исто така, тие може да се чувствуваат помалку поврзани со своите соученици и да им биде тешко да се вратат на училиште. Ваквата состојба може да придонесе до попречување на нивниот социјален и емоционален раст, како и долгорочни последици кои се протегаат надвор од образовниот систем и зрелоста, што може да резултира тие да бидат без квалификации и надвор од пазарот на трудот до средината на нивната зрелост[4].

Дека отсуството од училиште го зголемува ризикот децата да станат жртви на трговија со луѓе го потврдува и Меѓународната организација на трудот (МОТ). Според МОТ, жртвите без образование имаат 22,76 пати поголема веројатност да бидат жртви на трговија со деца отколку жртвите кои посетувале средно училиште[5].

Причините за отсуство или постоење на деца кои се надвор од образовниот систем се бројни и различни во зависност од многу фактори. Најчестата причина се социо-економските неповолни услови кои го дефинираат животниот стандард на едно семејство, кое се случува да биде генерациски заробено во кругот на сиромаштијата и подложено на социјална исклученост и маргинализација. Маргинализираните групи меѓу кои спаѓа и ромската заедница се изложени на поголем ризик од осипување од образовниот систем поради социо-економската состојба во семејствата, антицианизмот[6] кој ги исклучува од системот, дискриминацијата и сегрегацијата во образованието, вознемирувањето  и врсничкото насилство со кои децата од оваа категорија можат да се соочат во училиштето или било која друга загрижувачка установа при што е главен мотив за осипување од системот. Ваквата состојба сама по себе го зголемува ризикот од исчезнување, злоупотреба, експлоатација, влез во мрежа на трговија со луѓе или било какво регрутирање во организирани криминални активности со самото дејство на исчезнување на дете.

---

[4] Dräger, J., Klein, M., & Sosu, E. (2023). The long-term consequences of early school absences for educational attainment and labour market outcomes.

[5] Organization for Migration and the François-Xavier Bagnoud Center for Health and Human Rights at Harvard University. (2023). From Evidence to Action: Twenty Years of IOM Child Trafficking Data to Inform Policy and Programming.

[6] Антициганизам е специфичниот расизам кон Ромите, Синтите, Патувачите и други кои се стигматизирани како „цигани“ во јавната свест. Антициганизмот често се користи во тесна смисла за индицирањето антиромски ставови или за изразувањето негативни стереотипи во јавната сфера или говор на омраза. Антициганизмот опфаќа многу поширок спектар на дискриминаторски изрази и практики, вклучително и бројни имплицитни или скриени манифестации. Антициганизмот не се однесува само на она што се вели, туку и на она што се прави и што не се прави. За препознавање на целосниот импакт неопходно е негово попрецизно разбирање.

Иако во Северна Македонија во 2020 година е донесен Законот за лица без регулиран граѓански статус, сепак проблемот со идентификувани лица кои не се евидентирани во матичната книга на родени/лица без регулиран граѓански статус, со години се провлекувал, при што дополнително придонел да се усложни процесот на истрага на надлежните институции, во случаи на пријавување на исчезнати лица/деца, нивно лично идентификување и идентификување на сторителите. Овој проблем дополнително ги прави поранливи децата кои никаде не се евидентирани и кои се под социјален ризик, а со тоа се и надвор од образовниот процес.

Друг проблем е процесот на реинтегрирање на децата повратници од западноевропските земји кои еднаш го напуштиле образовниот систем и по одреден период повторно треба да се вратат во истиот. Имено, децата повратници од западно-европските земји се соочуваат со проблем во процесот на признавање на сертификатите и дипломите[7] кои ги добиваат во западноевропските земји за периодот во кој таму ја продолжиле наставата. Тие дипломи/сертификати најчесто не се еквивалентни со соодветниот степен на образование кое треба да го продолжат при нивното враќање во нашата држава, така што наместо да продолжат да ја следат наставата со соученици на нивна возраст, тие ја продолжуваат наставата со соученици кои се на помала возраст односно возраста што ја имале при нивното заминување од државата. Дополнителен проблем е потребата од финансиски средства за нострификација на дипломите/сертификатите кои најчесто семејствата на овие деца не можат да си ги дозволат. Во вакви случаи има јаз кој е потенцијален ризик за осип на овие деца од образовниот систем.

Посветеноста на родителите во воспитно-образовниот процес на децата е друг сегмент кој влијае врз причината за зголемување на ризикот од исчезнување на децата, но и осип од образовниот процес. Најчесто непосветувањето на квалитетно време преку кое би се следел развојот на децата е поврзан со ригидни работни распореди на родителите, нивото на флексибилност на работното време, невработеноста и вклучувањето во неформалната економија со цел економска придобивка и нивна посветеност на заработка за прехранување на семејството. Потрагата по одреден социо-економски статус и престиж во општеството од страна на родителот може да влијае врз одвлекување на вниманието и обврската на родителот за следење на децата во нивниот образовен развој како и нивното ментално и физичко здравје. Дополнително, преплавеноста од информации и неконтролирањето на интеракцијата на децата во онлајн просторот е потенцијал за промена на однесувањето на детето и ризик од донесување на непромислени одлуки кои водат кон ризик од нивно исчезнување и злоупотреба.

Ризичните однесувања на децата како последица од горенаведените причини поврзани со родителот/старателот и надлежните институции, дополнително со одредени девијантни однесувања меѓу кои користењето на алкохол и наркотични средства, како и проблемите со менталното и физичкото здравје на децата го зголемуваат ризикот од осип од образовниот систем и ризик од исчезнување. Оттука, произлегува потребата од систем кој брзо ќе ја препознае ранливоста на децата, ќе има брза реакција од училиштата во случај на отсуство на децата, со цел навремено да се реагира и да се спречат негативните последици кои ги таргетираат нив и нивните семејства.

[7] Институт за европска политика. „Предизвиците на Ромите повратници во Македонија“, стр.35. Достапно на: https://shorturl.at/girVY

# 2. Правна рамка

Правната рамка на државата вклучува различни документи кои ги гарантираат и остваруваат правата на децата, а можеме да ги земеме предвид при воспоставување на систем за рано предупредување за исчезнување на деца. Правната рамка вклучува усвојување на конвенции, законски акти и подакти, протоколи, директиви и јавни политики кои ќе придонесат во заштитата на правата, но и ќе обезбедат сигурност на сите деца.

## 2.1 Меѓународна рамка

1. Конвенција за правата на детето[8]

Оваа конвенција е една од најстарите и универзално прифатена како инструмент за човекови права. Самата оваа конвенција вклучува еден цел спектар на човекови права од граѓански, политички, економски, социјални, се до културните права на децата. Во основата на оваа Конвенција, воспоставени се четири водечки принципи или општи барања за сите права кои се содржани во документот, а тоа се, недискриминација, најдобар интерес на детето, право на живот, опстанок, и развој, и почитување на ставовите на детето. Конвенцијата беше усвоена на 20 ноември 1989 година од Генералното собрание на Обединетите Нации и стапи на сила во септември 1990 година. Во Република Северна Македонија беше ратификувана во 1993 година.

2. Опциони протоколи кон Конвенцијата за правата на детето

Двата опциони протоколи кон Конвенцијата за правата на детето се усвоени во 2000 година. Првиот е Опционен протокол за вклученоста на децата во воен конфликт[9], додека вториот е Опционен протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија[10]. Во јуни 2011, Советот за човекови права при Обединетите Нации ја усвои нацрт верзијата за третиот Опционен протокол за комуникациски процедури при кршењето на детските права[11]. Новиот протокол ќе му овозможи на Комитетот за правата на детето да ги испитува комуникациите со децата и нивните претставници, во врска со прекршувањето на нивните права.

3. Конвенција за граѓанско - правните аспекти за меѓународно грабнување на деца[12]

Оваа конвенција, позната уште и како Хашка конвенција, претставува главен меѓународен договор што го опфаќа меѓународното грабнување на деца од родители. Оваа конвенција обезбедува процес преку кој родителот може да бара неговото дете да се врати во матичната земја. Исто така, Хашката конвенција се занимава и со прашања за меѓународен пристап на деца. Во нашата земја е ратификувана на 27 септември 1991.

4. Меѓународна конвенција за заштита на сите лица од присилно исчезнување[13]

---

[8] United Nation. Convention on the Rights of the Child. Достапно на: https://shorturl.at/fgHT7
[9] United Nation. Optional protocol to the Convention on the rights of the child on the involvement of children in armed conflict. Достапно на https://shorturl.at/zDPQ9
[10] United Nation. Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the sale of children, child prostitution and child pornography. Достапно на: https://shorturl.at/kmY02
[11] United Nation. Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on a Communications Procedure. Достапно на: https://shorturl.at/bvA45
[12] Convention on the civil aspect of international child abduction. Достапно на: https://shorturl.at/jnUZ3
[13] International Convention for the Protection of All Persons from Enforced Disappearance. Достапно на: https://shorturl.at/duIJQ

Конвенцијата има за цел да спречи насилни исчезнувања, да ја открие вистината кога се случуваат и да се погрижи жртвите и нивните семејства да добијат правда, да ја дознаат вистината и да бидат обештетени. Конвенцијата важи за една од најсилните договори за човекови права усвоен од ОН. За разлика од другите злосторства според меѓународното право, како што е тортурата, присилните исчезнувања не беа забранети со универзален инструмент обврзан со закон, се до 2010 кога на сила стапи оваа Конвенција. Конвенцијата дава дефиниција за кривичното дело насилно исчезнување и ги наведува активностите кои е потребно да ги преземат државите со цел да се спречи појавата на ова кривично дело и да се овозможи истрага, како и да бидат гонети оние кои го извршиле.

5. Конвенцијата за акција против трговија со луѓе[14]

Оваа конвенција е донесена од страна на Советот на Европа во 2005 година. Република Северна Македонија ја ратификуваше на 27 мај 2009 година, а на 1 септември 2009 година Конвенцијата влезе во сила. Дефиницијата за трговијата со луѓе предвидена со Протоколот од Палермо е скоро пресликана во член 4 на оваа Конвенција на Советот на Европа.

6. Интерпол-Национално централно биро[15]

Поврзување на националното спроведување на законот со други земји и со Генералниот секретаријат преку безбедна глобална полициска комуникациска мрежа наречена I-24/7. Целта е да се разменат информации (податоци за криминал и разузнавачки информации) со Национални централни бироа од други земји кои ќе помогнат во истрагата за потенцијално криминално дејствие.

## 2.2 Национална правна рамка

7. Закон за заштита на децата[16]

Преку овој закон се уредува заштитата на децата која според законот претставува организирана дејност која се заснова на правата на децата, но и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството. Дополнително, самиот закон ја регулира заштитата на децата со што се предвидува обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Притоа, предвидува грижа со давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

Исто така, во овој закон се регулира и самото згрижување и воспитание на децата кои може да биде организирано и обезбедено во детска градинка/центар за ран детски развој, како и исклучување на каква било форма на дискриминација за што во спротивно се предвидени глоби.

8. Закон за социјална заштита[17]

Преку овој закон се уредуваат системот и организацијата на социјалната заштита, правата од социјалната заштита, финансирањето и постапката на остварување на правата од социјалната

[14] Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings. Достапно на: https://shorturl.at/acHOY

[15] Интерпол-Национално централно биро Линк: https://www.interpol.int/en/Who-we-are/Member-countries/Europe/NORTH-MACEDONIA#

[16] Закон за заштита на децата. Достапно на: https://shorturl.at/envAN

[17] Закон за социјална заштита. Достапно на: https://shorturl.at/eAFQ9

заштита. Поврзано со децата во овој закон се регулираат услугите за дневен престој , сместување во установи, згрижување во семејство, начинот на функционирање на Центрите за поддршка на згрижувачки семејства, како и за правата утврдени со Законот за заштита на децата.

9. Закон за основно образование[18]

Со овој закон се уредува воспитно-образовниот процес кој се остварува во основните училишта, како и дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем. Особено важен од овој Закон е Член 8 во кој се укажува дека основното образование е задолжително и родителите односно старателите на ученикот се должни да му овозможат на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание.

Програма за советување на ученици во основни училишта и нивните родители/старатели е друг значаен дел во овој закон и истата се реализира за двете страни во случај кога ученикот нередовно ја посетува наставата од неоправдани причини со повеќе од десет неоправдани изостаноци, односно има незадоволителен успех или манифестира несоодветно однесување.

10. Закон за средно образование[19]

Со овој закон се уредува организацијата, функционирањето и управувањето во средното образование, како дел од системот на воспитанието и образованието. Во Член 3 од овој Закон се укажува дека средното образование е задолжително и е бесплатно во јавните средни училишта при што не се дозволена дискриминација засновани на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба.

11. Кривичен законик[20]

За прв пат во февруари 2002 година трговијата со луѓе беше дефинирана како кривично дело во Кривичниот законик односно во поглавјето со наслов „Кривични дела против човечноста и меѓународното право“ со воведување на Член 418-а, став 1 од Кривичниот законик кој гласи:

> *“Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуди или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, слабост или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело, ќе се казни со казна затвор најмалку четири години*”.

Покрај овој член, други членови кои се поврзани со акција против трговијата со луѓе во Кривичен се:

- Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос“ (член 418);

[18] Закон за основно образование. Достапно на: https://shorturl.at/adh09
[19] Закон за средно образование. Достапно на: https://shorturl.at/mxyDF
[20] Кривичен законик. Достапно на: https://shorturl.at/ijwyL

- Криумчарење мигранти“ (член 418-б);
- Организирање група и поттикнување на извршување акти на трговија со луѓе, криумчарење мигранти и трговија со деца” (член 418-в).

Во 2008 година се додава нов член во Кривичниот законик односно се додава Член 418-г став 1 кој е именуван како “Трговија со малолетни деца“, при што се дополнува овој член со тоа што се воведува кривична одговорност на правни лица за трговија со луѓе.

Последната промена е направена во 2014 година се однесува на измени во Член 418-а, став 1 и дополнувања при што, зборот „фертилизација“ се заменува “бременост“ и „просење и експлоатација преку легална активност“ се додава во делот на форми на експлоатација. Дополнување на Кривичниот законик споменат во ставот 14, текстот на членот 418-г, став 1 исто така го заменува зборот „малолетник“ со „дете“.

12. Закон за полиција[21]

Во законот за полиција, точка 6. “Потрага по лица и предмети“ во член 51 се укажува дека полицијата е овластена да спроведува мерки на потрага по лица и при што се наведува дека во надлежност на полицијата е распишување на објава за пронаоѓање на исчезнати лица, при што Член 51 гласи:

*„(1) Полицијата е овластена да спроведува мерки на потрага по лица и предмети. (2) Мерките за потрага од ставот (1) на овој член се потерница, распис и објава. (3) Потерница се распишува за пронаоѓање на лице за кое е издадена наредба за приведување согласно закон. (4) Распис се распишува за пронаоѓање на лице за кое постојат основи на сомневање дека е сторител на кривично дело или прекршок. (5) Објава се распишува за: 1) утврдување на живеалиште или престојувалиште на лице; 2) утврдување на идентитет на лице кое не е во состојба да даде лични податоци за себе или за леш чиј идентитет не може да се утврди; 3) пронаоѓање на исчезнати лица и 4) пронаоѓање на предмети во врска со кривично дело или прекршок, како и предмети кои се исчезнати.“*

13. Закон за гранична контрола[22]

Со овој закон се уредуваат граничната контрола, надлежностите на полицијата во внатрешноста, соработката меѓу државните органи кои имаат надлежност во граничното управување и меѓународната полициска соработка. Особено важен Член 33 во делот “Категории на лица за кои важат посебни правила при извршување на граничните проверки“ кој го регулира извршувањето на граничните проверки, каде што се наведува дека посебни правила важат за малолетници.

14. Правилник за начинот на извршување гранични проверки и граничен надзор

Во овој правилник во Член 50 се објаснува начинот на тоа како се врши проверка на малолетници при што Член 50 гласи:

> *“Малолетните лица што ја преминуваат границата подлежат на исти гранични проверки при влез односно излез, како и полнолетните лица. При вршењето на граничните проверки се посветува особено внимание на малолетните лица, без оглед на тоа дали тие патуваат со придружба или сами. Кога малолетното лице е со придружба, полицискиот службеник треба да провери дали придружниците се родители на малолетното лице, особено во случај кога малолетното лице е придружувано од едно полнолетно лице и ако*

[21] Закон за полиција. Достапно на: https://shorturl.at/kmy78
[22] Закон за гранична контрола. Достапно на: https://shorturl.at/giM06

*постои сериозна основа за сомневање дека малолетното лице е незаконски одземено од лицето кое е негов родител или законски старател. Ако малолетното лице не патува со родител, односно старател, лицето кое што го придружува треба да поседува полномоштво издадено од страна на родителите или законскиот старател."*

Додека во  Член 51 се укажува начинот на извршување на контрола кога малолетното дете е странски државјанин и Член 51 гласи:

*"Кога малолетното лице е странски државјанин и патува без придружба, се проверува дали малолетното лице поседува одобрение за самостојно патување дадено од родителот односно старателот заверено од надлежен странски орган или дипломатско конзуларно претставништво на Република Северна Македонија во странство."*

## 3. Систем за рано предупредување за исчезнати деца и модел на рамка за исчезнати лица

Системот за заштита и рано предупредување од опасности и прекршувања на правата на детето потребно е да има сеопфатен пристап земајќи ги предвид сите засегнати страни при успешно решавање на проблемот вклучувајќи:

- Институции и организации  чија што надлежност е поврзана со заштита на децата и нивните права, односно кои даваат услуги поврзани со заштита на децата и нивните права;
- Систем за рано предупредување за исчезнати деца и институции кои водат истраги за случаи со исчезнати деца;
- Јавноста која по јасно дефинирани инструкции и  со дадени точни информации би можела да помогне во превенцијата, раното предупредување и следење на случаите;
- Професионалци кои ќе понудат поддршка на родителите и на децата по одредено дејство кое предизвикало траума или било какво прекршување на право на детето;[23]

Пристапот може да биде директен, кога имаме случај за кој има пријава за исчезнато дете во надлежната институција и индиректен каде што со меѓу институционална соработка и вклучување на родителите/старателите и граѓанските организации се превенира или рано се детектира ризикот од исчезнување на детето. Индиректниот пристап можеме да го разгледаме преку учество на образовните институции  и/или центрите за социјална работа кои го следат присуството во училиште, однесувањето и развојот на детето, имаат комуникација со родителот/старателот и по потреба ги вклучуваат останатите надлежни институции.

### 3.1 „Амбер алерт"

Веќе развиените системи за исчезнати деца укажуваат на успешно пронаоѓање на исчезнатите преку употреба на пристап со поделба на активностите и тоа на активности кои ги спроведуваат институциите согласно законската регулатива и активности кои се со поддршка на јавноста и граѓанските организации. Според Роберт Ховер од Националниот центар за

[23] Согласно предложена рамка за лоцирање на исчезнато лице  од делот Институционална пракса при исчезнување на лица. стр. 20. Достапно на: https://shorturl.at/opxlZ

исчезнати и експлоатирани деца, околу 95% од случаите на „Амбер алерт“ се решаваат во рок од 72 часа[24].

За да се одлучи кога треба да се активираат ваквите системи, треба да се воспостават критериуми од страна на надлежните институции кои најчесто се следните[25]:

- Лицето кое е пријавено за исчезнато е малолетно, односно не наполнило 18 години;
- Поднесена е пријава за исчезнато лице од страна на законски застапник на малолетното лице од кое се бара согласност за објавување на информација во јавноста за исчезнувањето на малолетното лице и негова фотографија;
- Проценката за активирање на системот е од страна на надлежните институции во случај кога исчезнатото лице е во животна опасност и/или има потенцијал да биде жртва на тешко кривично дело.

Првиот систем за рано предупредување за случаи на исчезнати деца „Амбер алерт“ (AmberAlert), беше развиен во Тексас, САД во 1996 година, како реакција на киднапирањето и убиството на деветгодишната Амбер Хагерман по која системот го добил името. Пријавувањето во полиција било од страна на сведок. Безживотното телото на девојчето било пронајдено пет дена по киднапирањето, на помалку од десет километри од местото на грабнување. Според податоците од аутопсијата откриено е дека Амбер била жива најмалку два дена по киднапирањето. Знаејќи го овој факт, доколку во овој случај веста за киднапирањето на Амбер била проширена меѓу локалното население, имало голема веројатност надлежните институции да го пронајдат девојчето живо. Овој случај го покрена прашањето за потребата од вклучување на пошироката јавност во известување и проширување на ваков тип на информации и информации за предупредувања за исчезнувања на деца во САД, со цел таа меѓу-институционална соработка да развие систем за предупредување за исчезнување на деца. Така, во 1996 година оваа пракса на систем на информирање на јавноста за случаи на исчезнати деца во САД ја воспостави националната програма „Амбер алерт“ со услови кои мораат да се исполнат за да може да се активира овој систем. По овој пример, започнале да воспоставуваат ваков систем и други земји[26] прилагодувајќи ги на нивниот национален контекст и потреби.

## 3.2 Модел на рамка за исчезнати лица (конципирање)

Веќе поставените модели на рамки за исчезнати деца можат да послужат како пример и да бидат прилагодени на националниот контекст на државата која е во процес на воспоставување на системот за рано предупредување за случаи на исчезнати лица. Рамковните елементи мораат да бидат добро формулирани, јасно поставени и дефинирани за да можат да бидат ставени во употреба од страна на надлежните институции.

[24] Амбер Алерт Србија. Достапно на: https://amberalert.rs/

[25] European Centre for Missing Children. Достапно на: https://www.amberalert.eu/amber-alert-in-your-country

[26] Според глобалната мрежа на исчезнати деца, покрај САД, земјите кои имаат воспоставено ваков систем со свои критериуми и упатства кога да започне предупредувањето се: Австралија, Белгија, Бугарија, Канада, Кипар, Чешка, Франција, Германија, Грција, Ирска, Италија, Јамајка, Луксембург, Малта, Мексико, Малезија, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Јужна Кореја, Шпанија, Швајцарија, Тајван и Обединето Кралство. Повеќе информации на следниот линк: https://globalmissingkids.org/awareness/missing-children-statistics/

Елементи на модел на рамка за исчезнати лица[27]:

1. Поставување на јасна дефиниција за тоа што претставува исчезнато дете согласно националното законодавство односно:
- Исчезнато дете кое е отсутно од дома без дозвола на родител/старател;
- Семејно киднапирање, задржување на дете од родител или друг член од семејството или старател;
- Несемејно киднапирање, принудно и неовластено одземање на дете од некој кој не е родител/старател или член на семејството;
- Изгубено или повредено дете;
- Малолетно лице кое е напуштено или без придружба од страна на родител/старател;

Различните категории под дефиницијата за исчезнато дете посочуваат соодветен пристап од страна на надлежните институции при истрага и оваа листа се надополнува согласно националниот контекст.

2. Воспоставување на лесен механизам за пријавување на исчезнато дете

Државата треба да и овозможи на јавноста на лесен и едноставен начин бесплатно да пријави исчезнато дете преку онлајн платформа или бесплатна телефонска линија, пропратено со едукативни материјали и информации за начинот на пријавување и воочување на ризиците за исчезнување на дете, притоа обезбедувајќи заштита на идентитетот на лицето кое поднесува пријава. Дополнително платформата треба да послужи како кампања за подигнување на свеста во јавноста за постоењето на проблемот и значењето на придонесот на јавноста во процесот на пронаоѓање на исчезнатите деца.

3. Итна истрага по пријава на случај за исчезнато дете

Точната информација кога е исчезнато детето, времето на почеток на истрага која е потребно да почне веднаш, и меѓу-институционалната координација е од суштинско значење за брзо разрешување на случајот со оглед на тоа што одредени истражувања укажуваат дека ризикот од нанесување на поголема штета врз исчезнатото дете се зголемува со секој нареден час.

4. Строга контрола при прекугранично патување со дете

Ова подразбира задолжително почитување на сите законски правила и прописи при гранична контрола согласно надлежностите. Дополнително, доколку базата на податоци при влез и излез од граница е интегрирана со регистарот на исчезнати лица, ефектот е побрз.

5. Воспоставен национален регистар на исчезнати лица кој може да биде достапен на надлежните институции и широката јавност

Националниот регистар обично содржи основни информации за исчезнатото лице, односно име, презиме, возраст, име на родителите и место на живеење, како и детали за местото од каде се претпоставува дека е исчезнато, опис на надворешниот изглед на детето и информација/контакт каде можат граѓаните да пријават доколку го забележат.

---

[27] Прилагоден модел по примерот. Global Missing Children Center. 2019. Global Model Missing Child Framework. Достапно на: https://shorturl.at/aes05

6. Воспоставување на добар механизам за управување со регистарот и информациите во него со цел идентификување на текот на истрагата, одговорните институции кои биле дел од процесот, и преземените активности за пронаоѓање на исчезнатото дете.

Овој систем на управување е значаен за да може на надлежната институција да и послужи како пример за идни случаи или во случај да има повторување на ист пример, или вкрстување на случаи кое може да води кон нови сознанија и нов правец во истрагата.

7. Воспоставување на систем за дистрибуција на фотографија на исчезнато дете

Ова вклучува дистрибуција на информации и фотографија од исчезнатото дете во согласност со родителот/старателот, преку веб страници, социјални медиуми, јавни скринови, апликации, пошта, ТВ екрани, огласни табли и др. Овој чекор треба да се направи врз основа на проценката на надлежната институција, за да биде во најдобра корист за истрагата и да се минимизира штетата врз детето.

8. Начин на одговарање и започнување на истрага од страна на надлежни институции

Воспоставување на политики, стандарди и оперативни процедури кои подеднакво и на ист начин ќе бидат преземени и следени за секој случај на исчезнато дете без исклучок. Органите за спроведување на законот не треба да отфрлаат или да занемарат било какви извештаи или информации поврзани со исчезнато дете и задолжително треба веднаш да покренат истрага, без разлика на возраста, расата, етничката припадност, религијата, полот или околностите на исчезнувањето. Пример за нееднакво постапување при пријава за исчезнато лице е во случај кога надлежните ги земаат во предвид своите лични уверувања врз база на стереотипи и предрасуди за одредено исчезнато дете и веднаш не ја започнуваат истрагата, поврзувајќи го исчезнувањето на детето со одредени т.н. „културолошки или традиционални вредности“.

9. Меѓу-институционална соработка и формални договори

Соработката меѓу институциите е неминовна во процесот на пронаоѓање на исчезнато дете. Притоа е потребно јасно да се дефинираат улогите и пристапот на секоја од надлежните институции во процесот на истрагата, но исто така и во процесот на превенција од исчезнување на деца, се со цел да се избегне дополнителен напор и поклопување во работата на институциите.

10. Поттикнување на вклучување на јавноста и граѓанскиот сектор во минимизирање на ризикот од исчезнување на деца.

Поттикнување на различни прашања поврзани со проблемот, едукација и охрабрување на сите засегнати страни за пријавување на невообичаено однесување на дете или исчезнување на дете. Дополнително да се подигне јавната свест со кампањи на оваа тема, да се информира широката јавност за достапните услуги и ресурси поврзани со темата, да се воспостави редовна комуникација на наставниот кадар со родителите и образовните медијатори со посебен акцент на семејствата од социјален ризик и маргинализираните групи.

11. Институционализирање на Систем за брзо предупредување за случај на исчезнување на дете по примерот на „Амбер алерт“ објаснет погоре во текстот.

# 4. Отсуство од образовниот систем како еден од потенцијалните ризици за исчезнување, заклучоци од студии на случај со семејства во социјален ризик/ранлива категорија во Северна Македонија

Длабоко вградените прашања за стигматизација, срам, заробеност во кругот на сиромаштијата, генерациски напори за преживување од една страна, како и нефункционалниот систем за излез од оваа ситуација од друга страна, доведува до комплицирани ситуации во кругот на сиромаштијата и градење на ставови, вредности и очекувања кои различно ги таргетираат машките и женските деца во семејства кои живеат на маргините. Ваквите состојби придонесуваат за зголемување на ризикот од исклученост или осип од образовниот систем, како и потенцијал за искористување на тешките околности на овие деца стavajќи ги во ризик од исчезнување и експлоатација од лица или групи, најчесто трговци со луѓе кои нудат помош во различни форми и ги внесуваат во овој процес.[28]

Постојат различни причини за потешкотии во пристапот до образование на децата од социјален ризик и од маргинализираните групи меѓу кои и Ромите кои се поврзуваат со социо-економскиот статус и исклученоста од општеството. Досегашни истражувања и анализи посочуваат дека ромските ученици имаат послаб перформанс, помала посетеност на наставата и високи стапки на напуштање на образованието заради непознавањето на македонскиот јазик, сегрегацијата дури и во најраните фази во образовниот процес, нерегулираниот граѓански статус, антициганизмот и дискриминацијата, неможноста да се реинтегрираат доколку имаат статус на повратници од западноевропските земји, како и недостаток на соодветна инфраструктура, несоодветно домување, без здравствена заштита и немање на организиран или јавен превоз од ромските населби до училиштата.

Од регионалното истражување за Роми на УНДП[29] од 2017 година може да се забележи разликата во запишувањето на децата Роми во основното образование кое кај ромските деца изнесува 78% наспроти 88% кај не-ромските деца. Постоењето сегрегација во училиштата го утврди Европскиот суд за човекови права во 2022 година и тоа во две училишта во Република Северна Македонија. Дополнително во текот на 2020 година отежнување на образовниот процес кај децата Роми предизвика реализацијата на онлајн настава. Многу деца Роми кои се дел од семејства во социјален ризик не беа во можност да следат настава поради фактот што истите немаа електронски уреди (компјутер, таблет, паметен телефон) и интернет мрежа. Според Регионалното истражување за Роми, пристап до компјутер имаат 42% Роми наспрема 72% Не-Роми[30] .

Како дополнителен проблем кој се појави во последните години се децата повратници кои поседуваат странски дипломи/свидетелства, меѓутоа поради неможноста родителите да ги покријат средствата за еквиваленција/признавање учениците или поради непризнавање на истите од страна на образовните институции, децата остануваат надвор од образованиот систем. Според законот за основно образование, училиштата имаат обврска да им помогнат на

[28] Wood, L. C. (2020). Child modern slavery, trafficking and health: A practical review of factors contributing to children’s vulnerability and the potential impacts of severe exploitation on health. BMJ paediatrics open, 4(1). Достапно на: https://shorturl.at/hvGMU

[29] UNDP. 2018. Regional Roma Survey 2017. Достапно на: https://shorturl.at/mpFRW

[30] Ibid

децата во изучување на мајчиниот јазик и јазикот на кој ја следат наставата на децата повратници од странство. Но, за жал оваа можност не се применува и претставува основа за дел од ромските деца поради јазични бариери да се осипуваат, покажуваат послаби резултати во споредба со останатите ученици, а дел и да го напуштат образовниот процес. Дополнително со законот се предвидува дека оние деца кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветно образование, имаат право на основно образование под еднакви услови како и останатите деца. За вклучување во образование на оваа категорија, Бирото за развој на образованието изготвува наставни програми за вклучување во соодветно одделение на образование.

Семејствата кои живеат во импровизирани живеалишта и немаат соодветно домување, се надвор од државниот систем, а децата се изложени да бидат на улица. Според Извештајот во сенка подготвен од Ромалитико, на територијата на Скопје функционираат два центри за деца на улица, еден во Кисела Вода и еден во Шуто Оризари. Според податоците, бројот на деца на улица на територијата на државата во 2021 година изнесувал 70 деца[31]. Оваа бројка има потенцијал да биде поголема, а со тоа и сериозен ризик за поголем број на исчезнати деца кои би останале невидливи, а тие кои ги прекршуваат законите, неказнети.

Од постоечките јавни политики кои можат да помогнат кон превенција од осип од образованието се издвојува ангажманот на образовни медијатори и можностите за стипендирање, менторирање и туторирање. Со најновите измени во Законот за основно образование за прв пат се систематизираше улогата и се дефинираа надлежностите на образовните медијатори преку кои овозможува поддршка на учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем. Министерството за образование и наука, за учебната 2023/2024 година објави повик за ангажирање на 40 ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Роми. Дополнително поддршката со стипендирање, туторирање и менторирање се активности кои МОН и граѓанските организации ги мотивираат учениците Роми да напредуваат во образованието.

Од септември 2019 година учениците со лесна попреченост се запишуваат во редовните училишта. Ова е едно решение според Законот за основно образование, со кој се предвидува посебните основни училишта да се трансформираат во ресурсни центри. Тие ќе ја задржат образовната компонента за ученици со комплексни потреби, но ќе имаат и дополнителна активност. Со оглед на тоа дека е нова реформа која е во процес на спроведување, останува да се мониторира нејзиното имплементирање и влијание кај ромските деца и децата со попреченост[32] .

## 4.1 Анализа на студии на случај

Со цел да се елаборира како да се искористи потенцијалот и обврските на образовните институции врз намалувањето на ризикот од исчезнување на деца посебно акцентирајќи ги децата кои живеат во семејства кои се во социјален ризик, се припадници на маргинализирани

[31] Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико. 2023. Извештај во Сенка за јавните политики за интеграција на Ромите 2021 – 2022.
[32] Министерство за труд и социјална политика. 2023. Стратегија за Роми 2022 – 2030 година. Достапно на: https://shorturl.at/aDQT1

заедници меѓу која е и ромската заедница, деца без соодветна грижа, анализирани се заклучоците од десетте студии на случај кои се изведени според Образец за студии на случај изработен од експерт во областа на социјална работа селектиран од граѓанската организација „Новинари за човекови права“ за потребите на „Пилот-проект за Систем за рано предупредување за исчезнати деца“.

Образецот за студии[33] на случај изработен од страна на експертот, претставува документ со јасни упатства за собирање и обработка на информациите од студиите на случај. Водејќи се од упатството, на терен се реализирани фокус групи, средби со семејства и интервјуа преку кои се обработени десет приказни[34] со реална содржина која го заштитува идентитетот на семејствата. Потоа е елабориран преглед со заклучоци за социо-економскиот и граѓански статус на семејствата[35]. Оваа состојба е наведена како потенцијален ризик за отсуство од образованието, како пречка за остварување на правата на членовите на семејствата (право на образование, правото на домување, социјална и здравствена заштита, формално вработување итн.), како причина за функционирањето во кругот на сиромаштијата и на работ на егзистенцијата. Заедничката карактеристика на сите приказни е изложеноста на дискриминаторските практики и практиките на антициганизам.

Десетте студии на случај се претходно избрани од страна на експерти ангажирани од ГО „Новинари за човекови права, а ќе бидат анализирани за потребите на овој документ за политики што го зголемува потенцијалот сеопфатноста на анализата да има лимитираност во насока на начинот на одбирање на семејствата со кои е разговарано. Сепак, од студиите на случај може да се извлечат сознанија за причините за осип или целосна исклученост од образовниот систем на семејствата кои имаат сличен социо-економски статус. Во оваа насока, студиите на случај можеме да ги разгледаме од неколку аспекти и тоа: статусот, образованието на членовите, нивните ставови за образованието, начинот на егзистенција и одредени специфики кои ги одвојуваат едни од други.

Според демографските податоци кои можат да се извлечат од приказните се работи за семејства составени од млади родители до 35 години, дел од нив живеат во неформални брачни заедници или како самохрани родители, со земен просек од четири малолетни деца од следните градови, Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар, Прилеп и Берово, дел од нив се повратници од западноевропските земји. Претежно родителите се со завршено основно образование, незавршено основно образование или пак никогаш не биле дел од образовниот процес, а една од причините е нивниот нерегулиран граѓански статус. Дел од децата се вклучени во образовниот процес во основно и средно образование или никогаш не биле дел од образовниот систем поради нерегулиран граѓански статус.

[33] Повеќе во анекс 2.

[34] Прво семејство „Семејството на Али и Мелиса- Насочување на предизвиците за подобра иднина, Второ семејство „Семејството Мемет и Зехра-Невидливи предизвици“, Трето семејство „Семејството на Емилијан и Лела-Крик за помош“, Четврто семејство „Отпорност наспроти веројатноста-Приказната на Мирела за надежта и решителноста“, Петто семејство „Надеж меѓу тешкотиите- Инспиративната приказна за издржливото семејство на Ениса и Флорин“, Шесто семејство -Борбата на Алфред за образование и грижа во Прилеп“, Седмо семејство „Борбата на Ајлина за образование и основни потреби во Гостивар, Осмо семејство „Предизвици за образование и правен статус за семејството на Себат и Африје во Берово“, Деветто семејство „Борбата на семејството Саламов во Тетово“, Десетто семејство „ Борбата на Амран за образование, документација и азил“

[35] Семејствата се од Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар, Прилеп, Берово

Дел од семејствата се без соодветна социјална и здравствена заштита која ги прави немоќни да се соочат со нивната лична здравствената состојба и здравствената состојба на децата, меѓу кои има и примери на деца со хронични болести или заболени од канцер. Социо-економската состојба е во неповолна состојба, дел од нив се приматели на социјална помош која не може да ги задоволи нивните егзистенцијални потреби поради што дополнително работат неформално најчесто како собирачи на секундарни суровини или хигиеничари. Живеат во импровизирани живеалишта, или во домови со една просторија без пристап до чиста вода и со импровизирани тоалети во кои нема основни елементарни услови за живот, достоинствено живеење и без можност за извршување на училишните обврски. Дополнително се провлекува и еден пример во кој семејството е доведено до работ на сиромаштијата што ги принудува родителите да ги вклучуваат децата во неформална работа како собирачи на секундарни суровини или се принудени на просење.

Според заклучоците од приказните можат да се издвојат следните причини за осип или целосна исклученост од образовниот процес:

- неможност да се реинтегрираат повратниците од западните земји во образовниот процес, односно не им ги признаваат свидетелствата/сертификатите кои ги имаат добиено од странство или немаат средства за да ги нострифицираат;
- врсничко насилство како причина за страв или намалување на мотивацијата кај децата да одат на училиште;
- недоверба во институциите;
- нереагирање од страна на образовните институции во случај на отсутност на дете;
- погрешни ставови на родителите за придобивките од образованието (страв од одземање на децата, страв од малолетнички бракови итн. и градење перцепција за образованието како луксуз;
- дискриминација при упис во училиштата;
- несоодветно домување за извршување на училишните обврски;
- нерегулиран граѓански статус што ги ограничува основните човекови права;
- несоодветна инфраструктура во местото на живеење без пристап до основни услови за живот;
- голема оддалеченост од местото на живеење до училиштето и немање на превоз;
- врсничко насилство;
- меѓу-генерациска сиромаштија и др.

Феноменот што ги поврзува сите семејства чии што деца се дел од образовниот систем е дискриминацијата во образовниот систем кој се поврзува со проблемот со упис во училиштата кои се наоѓаат во близина на нивното живеалиште, при што родителите се принудени децата да ги запишат во училиште кое е прилично оддалечено од нивното место на живеење. Родителите ја споменуваат и помошта од граѓанските организации со вклучување на децата во дополнителни образовни активности кои влијаат врз мотивацијата, успехот на учениците и позитивните ставови на родителите за значајноста на образованието да излезат од кругот на сиромаштијата.

Потребна е посеопфатна вклученост на примери и семејства од социјален ризик и маргинализирани групи како што е ромската заедница и децата со попреченост за да се направи подетална и посеопфатна анализа за причините за осип од образованието и поврзаноста со ризикот од исчезнување на децата.

Десетте студии на случај ги осветлуваат долгогодишните проблеми кои се провлекуваат со години и се игнорирани од системот на државата, како што се бариерите во образовниот систем, проблемите со регулирање на граѓанскиот статус, економска нестабилност и правни предизвици со кои се соочуваат граѓаните кои живеат на маргините, а со тоа се изложени на поголем ризик од исчезнување. Наративите кои покажуваат позитивен исход се перцепциите на поголем дел од семејствата кои го гледаат образованието како излез од кругот на меѓугенерациска сиромаштија, но исто така и нивната свесност за потребата од функционален систем кој ќе им ја врати довербата во институциите.

## Заклучок

Исчезнувањето на деца е појава која сите не’ загрижува, а нејзината се поголема фреквентност, укажува на потребата од институционализирање на ефикасен и функционален Систем за рано предупредување за случаи на исчезнати деца во Северна Македонија по примери кои веќе успешно функционираат во светот и во нашето соседство. „Повеќе од 250.000 деца исчезнуваат секоја година во Европа, а во Северна Македонија просечно околу 300 лица од кои значителен број се деца“[36]. Дополнително загрижува фактот дека дел од лицата кои се пријавени како исчезнати, не се воопшто пронајдени или потрагата завршува со трагични вести. Децата кои исчезнуваат се група од висок ризик од причина што тие се изложени на други видови на ризици како што се злоупотреба, сексуална експлоатација, трговија со луѓе, киднапирање и регрутирање во организирани криминални активности.

Во процесот на институционализирање на Систем за рано предупредување за случаи на исчезнати деца во Северна Македонија, потребно е отворање на дискусија со професионалци во оваа област вклучувајќи ги надлежните институции и македонската јавност, преку меѓу институционалната соработка и соработка со граѓанските организации. Добрите практики од земјите каде што веќе е воспоставен ваков систем како што е „Амбер алерт“, е корисен за да го стимулираме професионалниот дискурс и да воспоставиме соодветни процедури кои ќе ги заштитуваат децата, ќе ги минимизираат ризиците за нивно исчезнување и ќе помогнат во функционалноста на механизмот за нивно пронаоѓање во случај на исчезнување.

Овој документ на политики се однесува на потребата за институционализирање на Систем за рано предупредување за исчезнати деца во Северна Македонија и ги следи препораките кои реферираат на практиките од земјите кои веќе имаат воспоставено Системи за рано предупредување за исчезнати деца со соодветен модел прилагоден на националниот контекст. Дополнително ги зема во предвид заклучоците од Студии на случај од ангажиран експерт од Граѓанската организација „Новинари за човекови права“ за да ги рефлектира проценките од социо-економски аспект за ризиците од исчезнување на деца од социјален ризик, лицата без регулиран граѓански статус, маргинализираните групи како што се Ромите и децата со попреченост, како групи со потенцијал да бидат привремено или целосно надвор од образовниот систем, а со тоа и во ризик од исчезнување. Десетте студии на случај ги осветлуваат проблемите кои се провлекуваат со години и се игнорирани од системот на државата, како што се бариерите во образовниот систем, проблемите со регулирање на граѓанскиот статус, економска нестабилност, нееднаквиот третман и правни предизвици со кои

[36] „Најди ме“ Систем за рано предупредување за исчезнати лица, Линк: https://najdime.org.mk/

се соочуваат граѓаните кои живеат на маргините, а со тоа се изложени на поголем ризик од исчезнување.

Дополнително суштински е да се потенцира потребата од директна инволвираност во процесот на превенција и психосоцијална поддршка, сензибилизација и тренинзи на сите оние кои работат со деца и заштита на нивната безбедност, фокусирајќи се и на установи за згрижување на деца без родители и малите групни домови. Друг значаен сегмент во овој процес е и улогата на родителите/старателите, образовните институции, полицијата и социјалните центри преку следењето на развојот и постапките на децата при превенција на врсничко насилство и други девијантни појави и состојби кои се потенцијал за ризик од осип и непромислени одлуки, а со тоа и ризик од исчезнување.

Документот е изработен за потребите на „Пилот-проект за Систем за рано предупредување за исчезнати деца" спроведуван од Граѓанската организација „Новинари за човекови права" во соработка и под проектен менаџмент на партнерската организација ЕКПАТ – Австрија, финансирани од Федералното министерство за социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачите. Прегледот на препораки за воспоставување на Систем за рано предупредување за исчезнати деца и концептирањето на модел за исчезнати деца, заедно со заклучоците од студиите на случај ќе им служи на релевантните институции и засегнати страни да работат во насока на институционализирање на функционален систем за рано предупредување за исчезнати деца, како и да работат на превенирање на случаи на исчезнување.

# Препораки

Со цел да се институционализира и воспостави систем за рано предупредување во случаи на исчезнати деца, освен што е потребно да се воведе функционален систем кој ќе овозможи простор за пријавување на случаите, дополнително треба да ги земе предвид индиректните ризици од исчезнување со цел превенција од вакви појави. Во овој случај, од исклучителна важност е меѓу-институционалната соработка и поддршка, но и вклучување на широката јавност во процесот.

## (I) Препораки за институционализирање на систем за рано предупредување во случаи со исчезнати деца

1. Донесување на закони за клучни прашања со цел институционализирање и воспоставување на функционален систем за рано предупредување за случаи со исчезнати лица уредувајќи ги темите со посебен закон или соодветни норми кои можат да бидат интегрирани во Законот за полиција или други закони.

| Законски треба да бидат регулирани следните прашањата: |
|---|
| • Кое лице ќе се смета за исчезнато дете; |
| • Кои се критериумите при проценка и кој е одговорен да донесе одлука за тоа кога и дали ќе се активира системот за рано предупредување земајќи ја предвид опасноста по живот на детето; |
| • Кои критериуми претставуваат ризик за безбедноста на детето во случај на активирање на системот и дали постојат услови за суспендирање на системот; |
| • Која ќе биде процедурата при активирање на системот, односно дали органот кој го активира системот го прави тоа самостојно или дополнително е потребна согласност од други органи вклучително и семејството, на кој начин ја |

| | |
|---|---|
| | дистрибуира информацијата и преку кои канали; |
| • | Кој е временскиот интервал по пријавата за исчезнување по кој се активира системот, при што треба да се земе предвид итноста на постапување; |
| • | Кои се критериумите за запишување во Регистарот за исчезнати деца, кои податоци се внесуваат во Регистарот, кој управува со податоците во Регистарот, дали постои начин на бришење на тие податоци од Регистарот и на кој начин се остануваат податоците од Регистарот. Најчесто со овие Регистри управуваат Министерствата за внатрешни работи. |
| • | Со кои надлежни институции и организации ( органи, тела, јавни служби, центри, граѓански организации итн.) треба да се воспостави соработка и да се разменат информации во случај на исчезнати деца со тоа што треба јасно да бидат регулирани обврските на сите чинители за управување со податоците. Во овој контекст потребно е да се создаде законска иницијатива за да се создаде предлог-закон кој ќе и овозможи на полицијата да работи и да бара помош од јавноста и непрофитните организации во истрагата за исчезнати лица. |
| • | Која е целта за обработка на податоците при случај на исчезнато дете јасно дефинирајќи кои податоци се обработуваат, на кои лица се однесуваат податоците и која е временската рамка за складирање на податоците. |

2. Органот кој ја води истрагата треба да има клучна улога во работата на системот за рано предупредување. Системот за рано предупредување и целата процедура околу неговото активирање треба да биде брза. Фреквенцијата на активирање на системот не треба да биде честа бидејќи тоа може да ја компромитира неговата функционалност, но сето ова не смее да го спречи неговото брзо активирање со цел да го оправда неговото вметнување во државниот систем;

3. Потребна е соработка меѓу органот кој ја води истрагата и полицијата при активирање на овој систем, при што истрагата во случај на исчезнато дете треба да се започне веднаш без да се чека одреден законски период за да се смета детето за исчезнато. Кој го активира системот е едно од суштинските прашања при воведување на овој систем и затоа треба јасно да биде дефиниран.

4. Системот за социјална заштита треба да биде вклучен во донесувањето на одлуки за активирање на системот за рано предупредување на случаи со исчезнати лица имајќи ја во предвид евиденцијата што ја водат Центрите за социјална работа;

   Центарот за социјална работа треба да обезбеди информација за исчезнатото дете доколку е евидентирано во нивните регистри со што би помогнало да се процени колку исчезнатото дете е изложено на ризик и дали родителот/старателот е потенцијален ризик за детето.

5. Потребно е да се размислува во насока на воспоставување на соработка со компаниите кои управуваат со социјалните мрежи со цел контролирање на децата во онлајн просторот и проширување на информација за исчезнување на деца. (Пример компанијата „Мета“, сопственик на социјалните мрежи на Фејсбук и Инстаграм.) Оваа соработка би го олеснила брзото објавување и ургентното ширење на пораките за исчезнувањата на децата, со што ќе допре до поголем број луѓе во дигиталната средина.

6. Потребно е да се отвори посебна бесплатна телефонската линија наменета за пријавување на исчезнати деца која ќе биде инкорпорирана во системот за рано предупредување за случаи на исчезнати деца.
7. Треба да се направи физибилити студија во врска со институционализирањето и воведувањето на системот за рано предупредување во случаи на исчезнати деца со што ќе се утврди кои се капацитетите на државата во однос на поседување на софтвер, хардвер и други достапни ресурси, како и законската регулатива, како ресурси кои можат да се прилагодат или да помогнат во функционалноста на еден ваков системот и за негово одржување.
8. Треба воспоставените политики, стандарди и оперативни процедури, подеднакво и на ист начин да бидат преземени и следени за секој случај на исчезнато дете без исклучок. Органите за спроведување на законот не треба да отфрлаат или да занемарат било какви извештаи или информации поврзани со исчезнато дете и задолжително треба веднаш да покренат истрага, без разлика на возраста, расата, етничката припадност, религијата, полот или околностите на исчезнувањето.
9. Потребна е меѓу-институционална соработка со јасно дефинирани улоги. Јасен пристап на секоја од надлежните институции во процесот на истрагата, но исто така и во процесот на превенција од исчезнување на деца, се со цел да се избегне дополнителен напор и поклопување во работата на институциите;
10. Системот да содржи информации и соодветно да ги ажурира, за начините на пријавување на случаи на исчезнување и простор за кампањи во насока на превенција и заштита од исчезнување со посебен фокус на децата кои се од социјален ризик.
11. Да овозможи механизми за нудење на поддршка во процесот на превенција на жртвите со задолжително активирање на надлежните институции.

## (II) Препораки за превенција и минимизирање на ризиците од исчезнување на деца

1. Потребно е образовните институции, наставниот кадар и стручните служби во училиштата да бидат вклучени во системот за рано предупредување во случаите на исчезнати деца. Да реагираат доколку забележат промена во однесувањето на децата, неоправдани и оправдани отсуства преку честа комуникација со родителите/старателите на учениците како и на образовните медијатори, личните асистенти на децата со попреченост итн. со посебен акцент кон децата од социјален ризик и маргинализирани групи како што е ромската заедница и по потреба да ги вклучат останатите надлежни институции;
2. Државниот просветен инспекторат да биде проактивен односно да реагира и превенира кога ќе добие информации од наставниот кадар за често неоправдано отсуство на децата од училиште;

3. Да се воспостави меѓу-институционална соработка при размена на информации за деца кои отсуствуваат од образовниот систем и соодветно да се постапува;

4. Државата треба да обезбеди десегрегирани податоци по различна основа (етничка, родова итн.) со цел пронаоѓање на потенцијална диспропорционалност во примерите на исчезнати лица и ефикасноста во истрагите, како и работата на релевантните институции за да се најдат соодветни механизми за надминување на овие проблеми;

5. Надлежните институции и социјалните центри да развијат поефективен механизам за регистрирање деца на улица, соодветно да реагираат и по потреба да инволвираат други надлежни институции; Дополнително потребно е социјални работници да бидат вклучени во рамки на училиштата.

6. Државата да издвои буџет за национални кампањи кои ќе информираат, превенираат и спречат исчезнување на деца, во соработка со граѓанските организации;

7. Да се искористат и надградат капацитетите на новинарите кои известуваат на темата со цел да се подигне свеста на широката јавност и да се отвори медиумски простор за проблемот со трговијата со деца, исчезнувањето на децата, ризиците врз ранливите категории и нарушувањето на безбедноста на децата;

8. Образовните медијатори, личните асистенти и социјалните работници и психолозите да бидат вклучени во надминување на проблемот со исчезнување на деца во соработка со стручните служби во училиштето и родителите/старателите вклучувајќи ги и децата на улица;

9. Установите за деца без родители или малите групни домови да развијат подобар систем на лоцирање и проверка на децата кога излегуваат надвор од овие институции заради празници, одмори и др.

10. Отворање на нови центри за деца на улица со сеопфатни програми за интеграција на семејствата во општествените текови;

11. Јасно да се дефинираат надлежностите на социјалните центри и полицијата при интервенции поврзани со лица од социјален ризик и подобра меѓу-секторска соработка;

12. Потребна е директна инволвираност во процесот на превенција и психосоцијална поддршка, сензибилизација и трениннзи на сите оние кои работат со деца и заштита на нивната безбедност.

13. Да се подобрат услугите за деца и да се воведе посебна институционална единица која ќе работи исклучиво со деца кои се подложени на било каков ризик и ќе развие соодветни методи за управување со случаите и нивна заштита.

# Користена литература


Astra Antitraficing action. (2023). System of Early Alert in Missing Children Chases

Convention on the civil aspect of international child abduction. Достапно на: https://shorturl.at/jnUZ3

Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings. Достапно на: https://shorturl.at/acHOY

Dräger, J., Klein, M., & Sosu, E. (2023). The long-term consequences of early school absences for educational attainment and labour market outcomes.

European Centre for Missing Children. Достапно на: https://www.amberalert.eu/amber-alert-in-your-country

European Roma Rights Centre. (2023). Promising change Romani Children in state care in North Macedonia. Link: https://shorturl.at/hktH8

Enforced dissapearances, Amnesty International, Link: https://www.amnesty.org/en/what-we-do/enforced-disappearances/

Global Missing Children Center. 2019. Global Model Missing Child Framework., Достапно на: https://shorturl.at/aes05

International System Centre for Missing and Exploited children. Достапно на: https://shorturl.at/gnvB2

International Convention for the Protection of All Persons from Enforced Disappearance. Достапно на: https://shorturl.at/duIJQ

Organization for Migration and the François-Xavier Bagnoud Center for Health and Human Rights at Harvard University. (2023). From Evidence to Action: Twenty Years of IOM Child Trafficking Data to Inform Policy and Programming.

UNDP. 2018. Regional Roma Survey 2017. Достапно на: https://shorturl.at/mpFRW

United Nation. Convention on the Rights of the Child. Достапно на: https://shorturl.at/fgHT7

United Nation. Optional protocol to the Convention on the rights of the child on the involvement of children in armed conflict. Достапно на https://shorturl.at/zDPQ9

United Nation. Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the sale of children, child prostitution and child pornography. Достапно на: https://shorturl.at/kmY02

United Nation. Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on a Communications Procedure. Достапно на: https://shorturl.at/bvA45

Samantha,B.(2017). Missing person. Who is at risk?.Australian Institute of Criminology. ISSN (Online) 2206-7280

Wood, L. C. (2020). Child modern slavery, trafficking and health: A practical review of factors contributing to children’s vulnerability and the potential impacts of severe exploitation on health. BMJ paediatrics open, 4(1). Достапно на: https://shorturl.at/hvGMU

Амбер Алерт Србија. Достапно на: https://amberalert.rs/

Систем за рано предупредување за исчезнати лица во Австрија Österreich findet euch. Линк: https://www.oesterreichfindeteuch.at/

Систем за рано предупредување за исчезнати деца во Северна Македонија- „Најди ме“ Линк: https://najdime.org.mk/

Закон за гранична контрола. Достапно на: https://shorturl.at/giM06

Закон за заштита на децата. Достапно на: https://shorturl.at/envAN

Закон за основно образование. Достапно на: https://shorturl.at/adh09

Закон за полиција. Достапно на: https://shorturl.at/kmy78

Закон за социјална заштита. Достапно на: https://shorturl.at/eAFQ9

Закон за средно образование. Достапно на: https://shorturl.at/mxyDF

Институт за европска политика. „Предизвиците на Ромите повратници во Македонија“, стр.35. Достапно на: https://shorturl.at/girVY

Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико. 2023. Извештај во Сенка за јавните политики за интеграција на Ромите 2021 – 2022.

Интерпол-Национално централно биро Линк: https://www.interpol.int/en/Who-we-are/Member-countries/Europe/NORTH-MACEDONIA#

Кривичен законик. Достапно на: https://shorturl.at/ijwyL

Министерство за правда. America's Missing: Broadcast Emergency Response – Amber Alert. Достапно на: https://amberalert.ojp.gov/

Министерство за труд и социјална политика. 2023. Стратегија за Роми 2022 – 2030 година. Достапно на: https://shorturl.at/aDQT1

Слободна Европа. 2023. Со „Амбер Алерт“ ќе се бараат исчезнати деца во Северна Македонија Достапно на: https://shorturl.at/xELPR

Согласно предложена рамка за лоцирање на исчезнато лице од делот Институционална пракса при исчезнување на лица. Достапно на: https://shorturl.at/opxIZ стр. 20

# ROMANO CENTRO
VEREIN FÜR ROMA

## Анекс 1: Успешна образовна мерка по пример на проектот „Ромска училишна медијација во виенските училишта“

Автор: Данијела Цицвариќ, социјален работник во здружението Романо Центро.

### 1. Почетна ситуација

По правило, децата Роми не доаѓаат на училиште со истите почетни позиции и знаење како децата од мнозинското население. Ова се должи на нееднаквите нивоа на претходно знаење, бидејќи само мал број деца Роми посетуваат предучилишна програма (градинка, предучилишна установа). Проблемот е недоволното познавање на германскиот јазик како и неповолната социо-економска состојба на семејствата од кои доаѓаат.

Повеќето ромски деца и млади луѓе или нивните семејства кои биле згрижени од ромските училишни медијатори се погодени од повеќекратни и хронични проблеми.

Од своето искуство во работата со деца Роми, здружението Романо Центро со години знае дека повеќето деца Роми имаат огромни проблеми на училиште (на пример, отсуствување, нејасен статус на престој на нивните родители, здравствени нарушувања, финансиски тешкотии, непознавање на австрискиот образовен систем , недоволно образование на родителите) и дека образовната ситуација на Ромите со миграциско потекло е генерално многу лоша. Покрај тоа, постојат пречки поради недостаток на јазични вештини и/или несигурност на родителите.

Од септември 2000 година, Романо Центро вработува ромски училишни медијатори (порано училишни асистенти) во избрани виенски училишта, кои обезбедуваат важна поддршка за многу деца Роми, родители и наставници. Тие посредуваат помеѓу горенаведените актери, ги мотивираат и ги придружуваат децата во училницата и ги поддржуваат во нивното учење, им помагаат на наставниците да ја разберат културната позадина и животната ситуација на децата и родителите да најдат позитивен пристап кон училиштето со цел да можат да ги поддржуваат своите деца. Поради нивното познавање на нивниот мајчин јазик (ромски, српски, романски) и сопствената припадност кон ромската етничка група, училишните медијатори имаат функција на идентификација за децата и им се достапни на родителите како доверливи лица - со разбирање на социјалната, културна и секојдневна позадина.

Ромската училишна медијација успешно се спроведува во многу европски земји (на пример, Финска, Франција, Шпанија, Чешка) и се наведува како успешен модел во тековниот процес на развивање стратегии за интеграција на Ромите во многу земји. Тоа е особено нагласено од Европската комисија во нејзината проценка на националните мерки или се наведува како пример за најдобра практика (Европска комисија, C (2013) 778 финално).

Стратегијата за Ромите на Австриската Федерална влада од 2017 година предвидува користење на ромски училишни медијатори од една страна во образовниот сектор, за

подобрување на образовната состојба и од друга страна во областа на пазарот на трудот, за образовно и кариерно советување на точката на поврзување помеѓу училиштето и работата. Во проширената Национална стратегија за интеграција на Ромите, која беше објавена во 2021 година, ромската училишна медијација е исто така истакната како мерка во двете споменати области (Федерална канцеларија, Стратегија за Ромите 2021 година).

## 1.1 Задачи на ромските училишни медијатори

- Поддршка на односите училиште-дом и комуникацијата помеѓу наставниците и родителите Роми
- Информации, совети и поддршка за родителите во училишните и образовните прашања
- Лице за контакт (на повеќе јазици) за ученици и родители Роми и за наставници во случај на грижи или проблеми на/со ученици Роми
- Придружување во наставните аутпути за да се обезбеди учество на учениците Роми
- Поддршка на учениците Роми во училницата за време на часовите, особено преку комуникација на нивниот мајчин јазик
- Обезбедување дополнителни можности за учење или можности за поддршка на децата Роми
- Обезбедување на учениците и наставниците со знаење за ромската култура и историја со цел да се промовира меѓусебното разбирање и самодовербата меѓу учениците Роми
- Обезбедување услуги за поддршка на семејствата за подобрување на социјалната состојба и ориентација во општествениот пејсаж на Виена
- Советување на децата, младите и возрасните за темите за образование и избор на кариера, како и за прашања за образование и обука; Придружба на младите до понуди за почетна и стручна обука како и мотивација за проактивно нивно барање
- Учество во избрани младински проекти за зајакнување на самопочитта

## 1.2 Цели

### Сеопфатна цел: Да се зголемат можностите за образование на децата Роми

### Специфични цели:

- Подобрување на училишните перформанси на децата, со посебен фокус на подобрување на вештините за германскиот јазик
- Подобрување на комуникацијата помеѓу родителите и училиштето, учество на родителите на училишни настани, родителски вечери итн.
- Стабилизирање на семејното опкружување со цел на прво место да се овозможи успех во училиштето
- Намалување на отсуствата и предвремено напуштање на училиштето
- Обезбедување дополнителни можности за учење и значајни слободни активности, идентификување на обука и изгледи за кариера
- Избегнување на непотребни задачи во специјалните училишта
- Зголемување на образовната свест на родителите, пренесување знаења за училишниот систем и можностите за финансирање
- Намалување на предрасудите кон Ромите на училиште
- Намалување на стравовите на ромските семејства од училиштето, како што е стравот да бидат препознаени како Роми. Семејствата треба да стекнат доверба во училиштето и да се чувствуваат прифатени

- Поддршка за малите браќа и сестри на училишните деца, поддршка во подготовката за училиште, во потрагата по места за згрижување деца
- Развивање на образовните перспективи
- Промовирање на интеграцијата на младите на пазарот на трудот
- Вклучување на родовата перспектива (проекти за млади со момчиња и девојчиња)

## 1.3 Искуства и повратни информации

Повратните информации за работата на ромските училишни медијатори од училиштата се многу добри. Наставниците, директорите и училишните социјални работници ги гледаат ромските училишни медијатори како важен дополнителен ресурс за нивното училиште, што овозможува подобро справување со проблемите на семејствата и што доведува до намалување на меѓусебните предрасуди и стравови. Значително се подобрува комуникацијата помеѓу родителите и училиштето, родителите повеќе учествуваат во училишниот живот и се чувствуваат добредојдени и сериозно сфатени на училиште. Во многу случаи, ромските училишни медијатори може да придонесат и за подобрување на социјалната состојба на семејствата и повеќе да ги мотивираат децата да одат на училиште. Фактот дека „да се биде Ром“ станува проблем во училиштата во кои работат ромски училишни медијатори нема негативни ефекти, како што покажуваат сите повратни информации на оваа тема. Напротив, во многу случаи ромските училишни медијатори им овозможуваат на децата и нивните родители да се гордеат со своето потекло, култура и јазик бидејќи темите се обработуваат и се вреднуваат на училиште. Сите овие позитивни случувања даваат значаен придонес за зголемување на образовните можности на децата. Дополнително, директорите нагласуваат дека и покрај многуте постоечки услуги за поддршка во училиштата, како што се: училишните социјални работници, училишните психолози, наставниците по мајчин јазик, ромските училишни медијатори постигнуваат најдобар успех кај родителите Роми. Директорите, исто така, сметаат дека многу ученици Роми кои нередовно доаѓаат на училиште имаат поголема веројатност да бидат присутни во деновите кога на локацијата се и ромски училишни медијатори. Родителите ги гледаат ромските училишни медијатори како доверливи лица кои ги застапуваат нивните интереси и интересите на нивните деца.

## 1.4 Препораки

- Редовно распоредување на ромски училишни медијатори во основните и средните училишта
- Да се регрутираат ромски училишни медијатори од заедницата
- Ромските училишни медијатори или имаат обука за психосоцијална професија (на пр. социјални работници) или посетуваат дополнителна обука во психосоцијалното поле (ако немаат завршено обука, тесна соработка со училишните социјални работници, училишните психолози)
- Редовен надзор на ромските училишни медијатори
- Одржливост и обезбедено финансирање
- Индивидуална бесплатна помош за учење, која е достапна за семејствата или децата дома

## 1.5 Сензибилизација на мнозинското општество

Припадниците на ромската етничка група се ограничени во многу области од животот поради долгогодишното исклучување и тековната структурна дискриминација. Тие се несразмерно погодени од сиромаштијата и неписменоста, им е отежнат пристапот до пазарот на трудот и

образовните институции, а нивната здравствена состојба е значително полоша од онаа на луѓето од мнозинското општество. За сериозно дејствување против антициганизмот потребни се мерки во сите области на општеството (на пр. медиуми, образовни институции итн.) со цел да се постигне целта за инклузија на Ромите во Европа и мерки за иницирање на социјалната дискусија за антициганизмот.

### 1.6 Препораки:

- Сензибилизација на училишниот персонал (на пр. наставници, директори) во образовните институции
- Сензибилизација на социјалните работници (детска и младинска заштита, и социјални работници од други релевантни институции)
- Подигање на свеста кај полициските и судските службеници
- Подигање на свеста кај новинарите
- Подигање на свеста кај медицинскиот персонал (лекари, медицински сестри, итн.)
- Сензибилизација на државните службеници

## 2. Социо-економски сектор

Од долгогодишното искуство со ромските семејства, знаеме дека редовното посетување на училиште на децата Роми зависи од многу фактори. Социо-економскиот сектор е една од најважните области од кои зависи редовното посетување на училиште. Доколку семејствата не ги задоволуваат основните потреби, како што се безбеден приход, сигурно домување или основни потреби како храна, струја и греење, најмала грижа им е дали нивните деца редовно одат на училиште.

### 2.1 Австрискиот социјален систем

Во споредба со другите европски и земји кои не се членки на ЕУ, австрискиот социјален систем е многу добро структуриран. Социјалните бенефиции (парични и непарични бенефиции) се обезбедуваат од различни органи и институции. Различни законски барања се применуваат и за добивањето на различни бенефиции (на пр. австриско државјанство или лица третирани како австриски државјани, одредени дозволи за престој). Најважните финансиски услуги во Австрија се:

- Семеен додаток (кој го добиваат семејствата без оглед на нивниот приход)
- Минимален приход (за лица без приход или приход под прагот)
- Надоместок за невработеност (за невработени лица)
- Додаток за домување
- Детски додаток

Покрај тоа, во Австрија има многу советувалишта, вклучително и некои ромски здруженија, кои ги поддржуваат семејствата во нивните социјални и економски проблеми и, пред сè, им помагаат да ја подобрат својата економска состојба.

За да се подобри економската состојба на Ромите на долг рок, потребно е пред се редовно вработување. Поради нивното ниско образование, ситуацијата на пазарот на трудот е тешка и за Ромите во Австрија. Во последните 10 години, преземени се голем број мерки за подобрување на состојбата на Ромите на австрискиот пазар на труд. Тие биле или се финансираат од фондот на ЕУ, но и на национално ниво (ЕСФ, Федерално Министерство за труд и економски прашања).

Овие мерки не само што ги поддржуваат Ромите во нивното барање работа, туку и им помагаат да ги подобрат своите вештини. За време на траењето на квалификациските мерки, учесниците на овие мерки добиваат покривање на трошоците за живот. Овие финансиски бенефиции се финансираат од Заводот за вработување.

Во 2022 година беше евалуирана првата австриска Национална стратегија за инклузија на Ромите (Сенсиро). Како дел од оваа студија, многу од интервјуираните Роми посочија дека за нив би било многу важно Ромите да работат во релевантни институции како што се образовните институции и други релевантни канцеларии. Видливоста на Ромите во овие институции, во принцип, би создала поголема доверба во овие институции.

### 2.2 Препораки

- Во случај на невработеност или приход под лимитот, се јавува законско право на социјална помош
- Семеен додаток до 18 години (до 24 години во случај на образование), без оглед на приходите на родителите или старателите
- Додаток за детска грижа (без разлика дали родителите или старателите работеле пред раѓањето на детето или не)
- Обезбедени услови за домување или финансиска поддршка за домување
- Надоместок за невработеност (најмалку 6 до 12 месеци) во случај на отказ
- Проекти за пазарот на труд конкретно насочени кон Ромите и нивните потреби
- Проекти на пазарот на труд со мерки за квалификација. За времетраењето на мерките за квалификација, заводот за вработување го презема покривањето на трошоците за живот / финансиска сигурност за време на мерката
- Ромите се вработени како кадар во сите релевантни институции

## 3. Инструменти за мониторинг

### 3.1 Ромски цивилен монитор и Сенсиро

Политиката за интеграција на Ромите во Австрија еволуираше во последниве години, особено откако Австрија се обврза на интеграција на Ромите vis-à-vis ЕУ. Евалуацијата на првата Стратегија за Ромите, која официјално заврши во 2020 година, беше спроведена во 2021 и 2022 година. Оваа студија беше оценета од Универзитетот во Виена во име на Федералната канцеларија (Сенсиро). Студијата покажа дека мерките што се опишани не биле имплементирани или тешко се спроведувале воопшто во многу области. Интервјуираните Роми покажаа дека економската, образовната и состојбата на пазарот на трудот не се подобри значително. Врз основа на оваа студија, ќе бидат развиени нови мерки за континуирана стратегија за Ромите (2030).

Здружението Романо Центро од 2017 година ја анализира националната стратегија за инклузија на Ромите во Австрија (Ромски цивилен монитор), независно од државните институции. *„Независната евалуација според стандардните критериуми за евалуација е клучна за обезбедување насочени инвестиции и мерки засновани на потреби, но исто така и за евалуација и планирање на идните стратегии, програми и циклуси на финансирање“ (Karoly, 2019).*

## 3.2 Евалуација на мерките и важноста на развојот на стандарди за квалитет за експертизата на училишните медијатори во Северна Македонија

- Ромските училишни медијатори или имаат обука во психосоцијална професија (на пр. социјални работници) или посетуваат понатамошна обука во психосоцијалното поле (доколку не завршиле обука, блиска соработка со училишните социјални работници, училишните психолози)
- Редовна обука (образование, семејно право, детски права, социјално право, итн.)
- Редовен надзор на ромските училишни медијатори
- Годишни состаноци за повратни информации лице в лице со директорите во чии училишта се вработени ромски училишни медијатори
- Прашалници за наставници со кои работат ромски училишни медијатори
- Прашалници за родители или старатели на згрижените ученици Роми

# Библиографија:


**Федерална канцеларија (2021). Стратегија за Ромите. Преземено на 2023-10-30 од https://www.bundeskanzleramt.gv.at/themen/volksgruppen/roma-strategie.html**

**Сојузно Министерство за труд и економски прашања (2022). Посебно упатство според APP 2014. Зајакнување на Ромите за пазарот на трудот 2022-2030.**

**ESF (2021). Зајакнување на Ромите за пазарот на трудот. Преземено на 2023-11-05 од https://www.esf.at/ausschreibung/rome-empowerment-fuer-den-arbeitsmarkt/**

**Европска комисија (2013). Препорака на Комисијата од 20.2.2013 год. Инвестирање во деца: кршење на циклусот на неповолност, C(2013) 778 финално**

**Кароли, М. (2019). Извештај од мониторингот на граѓанското општество за спроведувањето на стратегијата за интеграција на Ромите во Австрија. Слепи точки во Ромската политика за инклузија. Романо Центро. Виена**

**Ромски цивилен мониторинг (2023). Ромски цивилен монитор во Австрија. Преземено на 05.11.2023 од https://romacivilmonitoring.eu/countries/austria/**

**Сенсиро (2022). Студија за евалуацијата на Националната стратегија за инклузија на Ромите во Австрија. Преземено на 2023-11-05 од https://sensiroprojekt.univie.ac.at/evaluierung/**

# АНЕКС 2: **Проценка на ризиците кај деца за отсуство од училиште во ранливи заедници во Северна Македонија - Студии на случај**

## Вовед

